08-2140/2
12-01-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 58-та седница одржана на 28.12..2021 година ја донесе следната

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ------------------------, директор на ------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-3085/1 од 12.06.2019 година.

Предметот со број 08-3085/1 од 12.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-3085/1 од 12.06.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

По извршениот увид во електронскиот систем на Државната комисија за спречување на корупцијата утврдено е дека лицето ---------------------- во предвидениот рок по избор за вд директор на Подружница РЕК Осломеј на АД Електрани на Македонија не поднел анкетен лист и изјава за интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до ДКСК не е доставен доказ за уплата на на глобата изречена со прекршочниот платен налог по што беше поднесено барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија за спречување на корупцијата.

Прекршочната комисија за спречување на корупцијата издаде решение во кое лицето ---------------------------- го прогласи за одговорен и му изрече прекршочна санкција – глоба во износ од 300 ЕУР.

Од Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка пристигна РЕШЕНИЕ дека жалбата на ---------------------------- се одбива како неоснована.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.С., виш соработник
Одобрил: Г.Т.., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска